


















# ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН

ИЗГОТВУВА:
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

# РОДЕНДЕНСКА КРВОДАРИТЕЛНА АКЦИЈА НА ЦРВЕН КРСТ

По повод 17 март - Денот на основањето на Црвен крст на Република Македонија и одбележување на денот на крводарителството во државата, минатиот викенд се одржа традиционална крводарителна акција. Оваа 37-ма по ред хумана активност се одвиваше во просториите на Црвениот крст на Република Македонија-општинска организација Карпош, во соработка со Инсиситутот за трансфузиона медицина.

Својата хуманост преку дарување на крв и овој пат ја потврдија 17 граѓани и волонтери, членови и соработници на организацијата на Црвениот крст, а традиционално беа доделени плакети и благодарници на повеќекратни крводарители.

Исто така, во оваа прилика на двајца долгогодишни крводарители им беа врачени благодарници и плакети за 50 пати дарување на крв и на еден крводарител за 75 пати дарување крв. На сите крводарители ,Живко Поповски Цветин им подари слики изработени во акрил со мотиви „Цвеќето на мирот“.



# НАЈМЛАДИТЕ ПРЕДВЕСНИЦИ НА ПРОЛЕТТА

Дечињата од градинката „Мајски Цвет" во Тафталиџе 1, денеска учествуваа во еколошка акција. Тие, заедно со воспитувачките, хортикултурно го уредуваа дворот на својата установа, притоа засадувајќи разновидни цветни насади. На овој начин, најмладите карпошани го одбележаа првиот пролетен ден, односно Светскиот ден на шумите 21. март.







# ДЕНОТ НА ПРОЛЕТТА ГО ОДБЕЛЕЖАА ОСНОВЦИТЕ ОД КАРПОШ

Вчера, основците од сите училишта на територија на Општина Карпош, со низа еколошки акции го одбележаа Денот на пролетта или Денот на екологијата. Учениците садеа цветни насади, нацртаа разновидни цртежи преку кои испратија порака за зачувување на животната средина и за почиста околина.







# ДЕЛЕГАЦИЈА ОД КАРПОШ НА РОДЕНДЕНОТ НА ТРАВНИК

Делегација од Општина Карпош, предводена од градоначалникот Стевчо Јакимовски, и претседателот на Советот на локалната самоуправа Сашо Лазаровски, се наоѓа во официјална повеќедневна посета на Општина Травник, Босна и Херцеговина. По повод роденденот на оваа збратимена општина, првиот човек на Карпош, присуствува на свечената академија како и на повеќе манифестации од музички, спортски, културен и еколошки карактер. Оваа посета на општинскиот татко Стевчо Јакимовски, претставува можност за размена на искуства во раководењето и управување на локалната самоуправа, со преостанатите градоначалници од останатите збратимени општини на Травник.

Деновите на Општина Травник беа одбележани со музички концерти, танци од културно - уметнички друштва, како и спортски натпревари меѓу основците од оваа локална самоуправа. Травничани исто така, можеа да ги разгледаат и да купат од домашно изработените производи и рачно изработените предмети поставени на штандовите во центарот на Травник. Една од активностите по повод на деновите на Општината, беше и чистење на коритото на реката Лавша од страна на административен тим од локалната самоуправа.





# ЖЕНИТЕ „БУЏЕТИРААТ“ ВО КАРПОШ

Под покровителство на швајцарската агенција за развој „CIVICA MOBILITAS” , невладините организации „Акција здруженска’’ и „Една може’’ спроведоа анкетен проект „Жените буџетираат’’ на територијата на Општина Карпош. На платото во ТЦ „Лептокарија’’, вработени во овие невладини организации анкетираа граѓанки од оваа локална самоуправа, сé со цел да добијат репрезентативен примерок за информираноста на граѓанките од Карпош како се распределуваат буџетските средства на Општината.

- Нашата цел е да дознаеме, колку граѓанките се запознати со буџетот на една локална самоуправа, односно како Општините ги распределуваат буџетските пари, за кои проекти и колку жените се вклучени во креирањето, спроведувањето и распределбата на буџетските финансии, нагласи извршната директорка на „Акција здруженска’’  Марија Савовска.

Анкетираните граѓанки даваа свои предлози и идеи, кои потоа репрезентативно ќе им бидат претставени на Општините опфатени со овој проект.

Извршната директорка Савовска, напомена дека ова е втора година по ред, како овие невладини организации го спроведуваат овој проект, а годинава освен на територијата на Општина Карпош, проектот се спроведува и во Општините: Центар, Кавадарци, Радовиш и Струмица.



# ЕКО-АКЦИЈА НА ОСНОВЦИТЕ ОД „КОМЕНСКИ“

Во пресрет на глобалниот настан „Час на планетата Земја“ (25.03.2017), денеска, во ООУ „Јан Амос Коменски“, претставници од Одделението за заштита на животната средина и природата од Општина Карпош во соработка со ЗГ „Центар за климатски промени“ организираа еко-работилница со учениците од ова училиште.

Во рамките на креативната работилница, основците од „Коменски“ изработуваа едукативни постери со еколошки пораки. Користејќи пластични капачиња и кеси, учениците составија колаж поврзан со темата „Да ја зачуваме планетата Земја“. Во таа насока, тие изградија и т.н. „Ветерен парк“ од комунален отпад (пластични шишиња, чаши, хартија, картон и камчиња), со цел на својата околина да им ја пренесат пораката за поголемо искористување на обновливите извори на енергија.





# РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ТРИ УЛИЦИ ВО У.З. „ТАФТАЛИЏЕ 1“

Во големата градежна акција на асфалтирање на улиците во урбаната заедница „Тафталиџе 1”, денеска беше реконструирана улицата „Хаванска” во должина од 170 метри на која се обновени и тротоарите. За оваа улица од општинскиот буџет се издвоени еден милион и петстотини денари, а фирма изведувач е „Бауер-БГ” ДОО Скопје.

Исто така, во текот на денешниот ден беше асфалтиран и крак од улицата „Хелсински” во должина од 71 метар од страна на истоимената фирма „Бауер БГ” за кој Општината издвои петстотини илјади денари.

Во урбаната заедница „Владо Тасевски“, фирмата „Ескаватори МК”, работеше на обнова на тротоари како и на асфалтирање на коловозот на поголемата улица „Анкарска” во должина од 400 метри, за која Општината издвои три милиони и триста денари.

Во населбата Тафталиџе 1, улицата „Нобелова” е исто така целосно реконструирана, а за неа од општинската каса беа издвоени три милиони денари.

Во текот на утрешниот ден е предвидено да се заврши реконструкција на улица „Хелсинки” во должина од 170 метри на делницата од заедниот дел на Факултетот за туризам и менаџмент па се до улицата „Париска”.

Со оваа градежна активност, целиот комплекс улици во У.З. „Тафталиџе 1” ќе биде целосно реконструиран.




ХАВАНСКА





## ПЕТКРАТНО ПОМАЛА РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА ВО КАРПОШ

Пет пати помалку Општина Карпош потрошила во изминатите четири години во споредба со 2012 година, по основ на гориво, репрезентација, оперативни расходи, канцелариско работење и телефони. Овој заклучок, денеска го изгласаа советниците на шеесет и петтата седница на Советот на Општина Карпош. Градоначалникот на Општината Стевчо Јакимовски, детално пред советниците ги образложи трошоците кои локалната самоуправа ги имала во изминатите четири години по однос на наведените ставки. Првиот човек на Општина Карпош нагласи дека тоа е резултат на ефикасното, домаќинско и штедливо работење на општинската администрација и раководството на Општината. На оваа седница, советниците одобрија финансиски средства за замена на стар со нов лифт во колективен станбен објект на бул. Партизански одреди бр. 59 влез 4, како и поставување на нов лифт во колективен станбен објект на бул. Партизански одреди бр. 117/ 2. Исто така, нов лифт ќе биде поставен во зграда на ул. Никола Русински 10/2. Советниците „дадоа виза" за финансирање на спортски клубови од подрачјето на Општина Карпош. На оваа седница помина и Заклучокот за усвојување на Иницијатива за изготвување на Локален акционен план за животна средина (ЛЕАП) на Општина Карпош, и одлука за формирање на Локален комитет за проектот „Развивање на ЛЕАП за Општина Карпош". Советниците на денешната седница го одобрија и барањето за изградба на приватна детска градинка „Британска детска академија" на територијата на локалната самоуправа.



# „КОМЕНСКИ“ ОДБЕЛЕЖА 53 ГОДИНИ ПОСТОЕЊЕ

Основното училиште „Јан Амос Коменски“ денеска го прославува својот 53-ти роденден. По повод денешниот патронен празник, учениците во училишната медиатека организираа изложба на цртежи, уметнички ракотворби, постери и презентација на видеа, изработени од талентирани ученици. Гости на денешната манифестација беа ученици и претставници од збратимените училишта, како и од Првата детска амбасада ,,Меѓаши“.

„Коменски“ се вбројува меѓу првите училишта на територијата на Република Македонија, оформени по завршувањето на Втората светска војна и низ годините, стекна висока репутација, помеѓу останатите образовни институции. Директорката на Јан Амос Коменски Емилија Арсовска, нагласи дека ова училиште претставува едно големо семејство, кое изнедрило многу познати личности кои се реализирале во сите сфери на општественото живеење како во државата, така и надвор од неа.

Морам да ја напоменам и одличната соработка која нашето училиште ја има со Општина Карпош. Локалната самоуправа, постојано логистички, финанскиски и на секаков друг начин ни помага, се со цел нашето училиште, и се разбира сите училишта во Карпош, да бидат најдобри образовни институции во Република Македонија, истакна директорката Арсовска.



